Црвен крст на Република Македонија

# МЕЃУНАРОДЕН КОМИТЕТ НА ЦРВЕН КРСТ




2018

# ЛИЧНА КАРТА
## НА МЕЃУНАРОДНИОТ КОМИТЕТ НА ЦРВЕН КРСТ

ICRC

Меѓународниот Комитет на Црвен крст (**МКЦК**) е непристрасна, неутрална и независна организација чија што исклучително хуманитарна мисија да ги заштитува животите и достоинството на жртвите од војна и внатрешни насилства, како и да им обезбеди помош. Тој ги води и ги координира меѓународните активности за хуманитарна помош на Движењето во конфликтни ситуации. Тој исто така се стреми да ги спречи страдањата со промовирање и зајакнување на хуманитарното право и универзалните хуманитарни принципи. Формиран во 1863, **МКЦК** е основач на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена Полумесечина.

**МКЦК** е одговорен за признавање на новите Национални друштва.

Хуманитарната работа на **МКЦК** се базира на директни контакти и на неговата решеност да биде признаен и прифатен од сите предизвикувачи на насилства.

Во своите односи со оние кои вршат акти на насилство, **МКЦК** претпочита дијалог и убедување, отколку јавно обелоденување.

**МКЦК** има мандат кој му е доверен од државите а кој се базира на Женевските конвенции и нивните дополнителни Протоколи, како и на Статутите на Движењето. Мандатот му дава на **МКЦК** право на хуманитарна иницијатива во сите ситуации во кои тој работи (види стр. 1) и во случај на вооружен судир да извршува специфични активности.

**МКЦК** денес е признат и како меѓународно правно теоли, особено откако Генералното собрание на Обединетите нации му го додели статусот на посматрач во 1990 година.

Во последните 10 години, М**КЦК** склучи договори со владите на повеќе од 60 држави, вклучувајќи ја и Швајцарија каде што се наоѓа неговото седиште. Сега, **МКЦК** има постојани делегации во околу 50 земји и околу 9000 вработени кои работат низ целиот свет.

Накратко, преку својот мандат, многубројните договори со владите, неговата хуманитарна дипломатија, како и активностите за заштита и помош кој ги изведува на теренот **МКЦК** е во контакт со речиси сите држави. Ова е основната карактеристика по која **МКЦК** се разликува од другите хуманитарни организации.



# МКСК
# И ДВИЖЕЊЕТО

Меѓународното движење на Црвен крст и Црвена полумесечина опфаќа три компоненти кои блиску соработуваат една со друга:

- Меѓународниот комитет на Црвениот крст (МКЦК) формиран во 1863 година;
- Националните Друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина, од кои првите беа формирани во 1893 година;
- Меѓународната Федерациј на Црвен крст и Црвена полумесечина (Федерација), формирана во 1919 година.

Движењето има свои сопствени основни Принципи, а МКЦК е нивниот чувар. Овие принципи или упатства кои ја сочинуваат рамката за акција на сите компоненти на Движењето се: хуманост, непристрасност, неутралност, независност, доброволност, единство и униveralност.



# МЕЃУНАРОДНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА
## И СТАТУТИТЕ

Меѓународната конференција на Црвен крст и Црвена полумесечина, чија што основна улога е да ги испитува општите хуманитарни прашања од заеднички интерес, во принцип се одржува секоја четврта година. Таа ги спојува сите компоненти на Движењето, ако и претставниците на државите кои се потписнички на Женевските конвенции.

*Во почетокот на 1999 имаше 175 Национални друштв а, од кои 140 го прифатија амблемот на Црвен крст, додека 35 амблемот на Црвената полумесечина.

# МКЦК
## И МЕЃУНАРОДНОТО ХУМАНИТАРНО ПРАВО

Државите имаат одговорност да го почитуваат и обезбедат да с епочитува меѓународното хуманитарно право, како и ка го промовираат познавањето на неговите одредби (дисеминација).



За улогата на МКЦК во Статутот на Движењето специфично се бара (види стр.8) тој “да работи разбирање и ширење на знаењата за меѓународното хуманитарно право применливо во вооружени судири, како и да подготви било каков негов развој”.

МКЦК, промотер на хуманитарното право, обезбедува инструкции за правото и ги остава своите експертизи на располагање на државите.

МКЦК, од кого што и потекнува првата спогодба за хуманитарното право (Женевската конвенција од 1864 год.), секогаш има давано значаен придонес за развојот на оваа гранка од правото. Неодамна Комитетот зема учество во подготвување на следните спогодби:

1. **1995**: Протокол за забрана на ослепувачко ласерско оружје
2. **1997**: Конвенција за забрана на употреба на против пешадиски мини
3. **1998**: Статут на Меѓународниот криминал трибунал



МКЦК ги советува државите околу примената на меѓународното хуманитарно право, особена околу прифаќањето на законодавството да ги претвори меѓународните обврски во национален закон, за административните мерки и внатрешната пракса на секоја земја (казнен закон за репресија на военит криминал, воени прирачници итн.)

Активностите на МКЦК за ширење на хуманитарното право се трислојни и тоа:

- Ја стимулира свесноста на државите, потсетувајќи ги на нивната одговорност за ширење на познавањето на правото;
- Ги советува државите околу тоа како да се пренесат законските одредби во правилата на однесување (создавање прирачници за учење, разни публикации, технички итн);
- Го промовира правото и организира свои сопствени семинари за обука.



# МЕЃУНАРОДНО ХУМАНИТАРНО ПРАВО
## И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Меѓународното хуманитарно право е збир на правила, кои за време на вооружен конфликт, имаат за цел да ги заштитат оние кои не учествуваат или повеќе не учествуваат во судирите, како и да ги ограничат средствата и методите на водење на војна.

Меѓународните човекови права имаат за цел да ги бранат сите права и основни слободи на сите човекови суштества, во секое време и секое место.

## КОНВЕНЦИИТЕ И ПРОТОКОЛИТЕ

Ова се основните инструменти на хуманитарното право, а содржат повеќе од 600 членови. Конвенциите ги штитат следните жртви:

1. Првата Конвенција за Болните и ранетите припадници на вооружените сили на копно
2. Втората Конвенција за Болните, ранетите и бродоломниците, припадници на вооружените сили на море
3. Третата Конвенција за Воените затвореници
4. Четвртата Конвенција за Цивилите



5. Протоколите ја зајакнуваат заштитата на жртвите од меѓународните (Протокол I) и внатрешните (Протокол II) вооружени конфликти.

## НАСИЛСТВОТО И НЕГОВИТЕ ЖРТВИ

Вооружените судири се појавуваат во случај на војна и внатрешни немири. МКЦК, кој што е соочен со вооружени насилства уште од неговото формирање во 1863 година, се труди да ги олесни страдањата на оние кои се физички и психолошки погодени, како што се:

- ранетите, болните борци, како и борците - бродоломници;
- лицата лишени од слобода (воени затвореници, притворени цивили);
- луѓето кои се приморани да се иселат во други делови на земјата (раселени лица) или во друга земја (бегалци);
- цивилни лица.

Се повеќе, целта на вооруженото насилство е цивилното население. Затоа МКЦК ги фокусира своите активности на цивилите, во обидот да ги заштити од директните ефекти од насилството, од борбите, како и од насилните дејствија против нив.



## МКЦК ВОГЛАВНО ДЕЛУВА ВО СИТУАЦИИ НА:

- Меѓународни вооружени судири во кои учествуваат вооружени сили на најмалку две држави;
- Внатрешни вооружени судири кои се одвиваат на територијата на една држава и во кои редовните вооружени сили се борат против одредени вооружени групи, или пак различни вооружени групи се борат помеѓу себе;
- Внатрешни борби во кои внатрешниот ред е сериозно нарушен со насилни дејства кои немаат карактеристики на вооружен судир (бунтови, борби од помал размер, народни востанија и др.).

МКЦК дејствува во овие ситуации врз база на хуманитарното право. како и врз база на правото за хуманитарна иницијатива која му е доверена од страна на државите (види стр.9). МКЦК се труди да обезбеди заштита и помош на жртвите во ситуации во кои тој дејствува. Тој преку различни средства се обидува да ги намали страдањата на оние кои не учествувале или повеќе не учествуваат во непријателствата.



# МКЦК И ХУМАНИТАРНАТА АКЦИЈА
## ЗАШТИТА И ПОМОШ НА ЖРТВИТЕ

### ОБНОВУВАЊЕ НА СЕМЕЈНИТЕ ВРСКИ

Трагичен факт на секој вооружен судир е дека членовите на семејствата можат да бидат разделени едни од други и дека еден или повеќе од нив можат дури и да исчезнат. МКЦК ги користи Пораките на Црвен крст за да ги обнови и одржи семејните врски со размена на вестите помеѓу членовите на семејството. Тој ги презентира разните случаи пред властите во име на членовите на семејствата, трага по исчезнатите лица и во одредени случаи ги спојува со нивните семејства.

### ЦЕНТРАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА БАРАЊЕ НА МКЦК

Наскоро откако е формиран во 1863 година, МКЦК ја презема иницијативата да ги обновува семејните врски за време на вооружените судири, олеснувајќи ја размената на списоци на ранети војници и затвореници помеѓу завојуваните страни, како и пренесувајќи ја поштата од истите до нивните семејства. Агенцијата за барање на МКЦК последователно ги разви овие



активности до таа мера што истите беа вклучени од страна на државите во одредбите на хуманитарното право.

## ПОСЕТА НА ЛИЦА ЛИШЕНИ ОД СЛОБОДА

Секој кој е позади решетки има свои права. МКЦК се труди да обезбеди тие права да бидат почитувани.

Комитетот стапува во контакт со компетентните власти за да обезбеди почитување на достоинството на воените, цивилните и другите затвореници. Подетално, МКЦК ги регистрира затворениците, презема чекори за да се осигура истите да не исчезнат, работи на спречување на мачење и малтретирање на затворениците, на подобрување на затворските услови и др. Со посетувањето на затворениците, МКЦК помага во обезбедувањето на нивната заштита.

МКЦК ги спроведува посетите во согласност со специфичните одредби и услови базирани врз доверливост и дискреција: тој бара пристап до сите затвореници и до сите затвори, мора да биде во состојба да ги регистрира о да зборува со нив насамо, а потоа ги поднесува своите препораки и извештаи само до компетентните власти.



При посетите можат да извршат и одредени услуги како проследување пораки до семејствата или дистрибуција на хуманитарна помош.

## ДИСКРЕЦИЈА

Во сите свои активности, односите на МКЦК со контактираните лица се базирани на политиката на дискреција. Тој јавно го обелоденува кршењето на хуманитарните норми само кога сите други средства се исцрпени (како на пример во случај на сериозно и постојано кршење на хуманитарното право).

Политиката на дискреција на МКЦК претставува работен метод кој ги карактеризира активностите на организацијата, особено неговите посети на затворениците.

## ПОМОШ

Вооружените судири предизвикуваат влошување на материјалните услови за живот, како и потполно или делумно уништување на колективната инфраструктура. МКЦК обезбедува материјална или техничка помош во вид на:



- медицинска помош за лекување (прва помош, евакуација на ранети, воена хирургија, физичка рехабилитација);
- превентивна медицина (вакцинација, исхрана, здравствено образование);
- вода и животна средина (соодветно снабдување со вода со добар квалитет, складирање отпад, борба со преносители на болести како стаорци и комарци);
- техничка поддршка (на пример за инфраструктурите на болниците и лабораториите);
- основна помош за опстанок (храна, облека, засолниште);
- земјоделска рехабилитација (алати, семе);
- економска поддршка (подршка за здравствените или ветеринарните служби).

## ЗАШТИТА И ПОМОШ

Активностите на МКЦК имаат двослојна цел: да обезбедат заштита и помош на жртвите од конфликтот. Овие две цели се неразделни бидејќи во праксата речиси секоја хуманитарна активност ги опфаќа и заштитата и помошта. Операциите за помош се базирани врз законските правила и во многу ситуации тие се средства за запазување на правата на жртвите, како и за заштита на нивните животи и здравје.



# ДЕЈСТВО
## И МИСЛА

Дејствувањето го потхранува мислењето, кое за возврат пак обезбедува насоки за дејсвувањето. МКЦК го користи своето големо искуство од изведените операции за:

- Да го толкува, разјасни и развие меѓународното хуманитарно право чија што крајна цел е да се прифатат новите правила и договори со кои понатаму посоодветно се ограничуваат страдањата и уништувањата предизвикани од војна;
- Постојано ги анализира конфликтите со цел да научи повеќе за механизмите за воведување на хуманитарното право;
- Да дефинира свои сопствени правила на однесување (свои принвипи), за да обезбеди неговата работа да биде како кохерентна, така и предвидлива;
- Да развие и обезбеди примена на Етичкиот код на Движењето, оцобено посветувајќки им се на Основните принципи, како и на Резолуциите усвоени на Меѓународните конференции (види стр.8).



# ХУМАНИТАРНА ДИПЛОМАТИЈА

МКЦК користи хуманитарна дипломатија со цел да ги убеди државите да станат свесни за хуманитарните проблеми и прашања.

Тој бара да ја подели својата загриженост со меѓународната заедница. Комитетот исто така вложува големи напори за да ги потенцира хуманитарните импеертиви и принципите во различните меѓународни институции, вклучувајќки ги тука и Обединетите нации.



# ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

## НА МЕЃУНАРОДНИОТ ЦРВЕН КРСТ И ЦРВЕНА ПОЛУМЕСЕЧИНА

### ХУМАНОСТ

*Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина настана како резултат на желбата да им се помогне на ранетите на бојното поле и тоа без било каква пристрасност, како и да го спречи и олесни човековото страдање секогаш кога е тоа можно. Целта на движењето е да го заштити животот и здравјето и да го почитува човекот. Промовира заедничко разбирање, пријателство, соработка и траен мир меѓу сите луѓе.*

### НЕПРИСТРАСНОСТ

*Не прави дискриминација врз основа на национална, расна, верска и класна припадност или политичко убедување. Настојува да ги олесни страдањата на поединците, водејќи се исклучиво од нивните потреби но, давајќи приоритет на најитните случаи.*

### НЕУТРАЛНОСТ

*Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина настана како резултат на желбата да им се помогне на ранетите на бојното поле и тоа без било каква пристрасност, како и да го спречи и олесни човековото страдање секогаш кога е тоа можно. Целта на движењето е да го заштити животот и здравјето и да го почитува човекот. Промовира заедничко разбирање, пријателство, соработка и траен мир меѓу сите луѓе.*

### НЕЗАВИСНОСТ

*Движењето е независно. Националните друштва иако делуваат како дополнение на хуманитарните служби на владите и се предмет на регулирање на националното законодавство, мораат да ја зачуваат автономноста за да можат да дејствуваат во секое време, согласно со принципите на Движењето.*

### ДОБРОВОЛНА СЛУЖБА

*Тоа е движење за давање на доброволна помош кое не е инспирирано од материјални побуди.*

### ЕДИНСТВО

*Во една држава може да има само едно национално друштво на Црвениот крст или Црвената полумесечина. Мора да биде отворено за сите и да ја извршува својата хуманитарна работа на целата територија во земјата.*

### УНИВЕРЗАЛНОСТ

*Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, во кое сите друштва што го сочинуваат имаат еднаков статус, одговорности и должности взаемно да се помагаат, делува во целиот свет.*

**www.redcross.org.mk**

ICRC